Врз основа на член 21 став (1) точка 22) и точка 23) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/20), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на седницата одржана на 16.2.2023 година, донесе

# ПРАВИЛНИК

## за формирање советодавни тела од експерти за одредени специфични прашања поврзани со промоција, спречување и заштита од дискриминација

### Предмет на уредување на Правилникот

### Член 1

Со овој Правилник се уредува формирањето на советодавни тела од експерти за одредени специфични прашања поврзани со промоција, спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Советодавни тела).

### Советодавни тела

### Член 2

(1) Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) формира советодавни тела за одредени специфични прашања поврзани со унапредување, спречување и заштита од дискриминација, за кои има потреба од стручна поддршка.

(2) Советодавните тела се формираат како привремени (ad hoc) тела за стручна помош и поддршка при постапување по конкретен предмет или во случај кога Комисијата по сопствена иницијатива постапува по предмет за упатување на општа препорака во случај на дискриминација на поголем број лица.

(3) Бројот на членови на советодавното тело го определува Комисијата со одлуката со која го формира истото.

(4) За својот ангажман во советодавното тело експертите може да добијат надомест врз основа на одлука на Комисијата.

### Листи на експерти

### Член 3

(1) Комисијата во фер и конкурентна постапка формира листи на експерти по области од кои ќе се формираат советодавните тела.

(2) Листи на експерти се формираат за сите области кои може да дадат стручна поддршка на Комисијата, и тоа:

- работата и работните односи;
- образование, наука и спорт;
- социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита;
- правосудство и управа;
- домување;
- јавно информирање и медиуми;
- јавни услуги;
- политички партии, здруженија, фондации, синдикални или други организации засновани на членство;
- култура,
- право
- финансии и
- сите други области.

(3) За формирање на листите од ставот (1) на овој член Комисијата на 1 декември во тековната година распишува јавен повик за пријавување на експерти кои ќе бидат на листата на стручни лица во следната година.

(4) Повикот од ставот (3) на овој член се објавува на веб страната на Комисијата, како и во три печатени или електронски медиуми од кои еден што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(5) Повикот од ставот (3) на овој член трае 20 дена.

(6) Заинтересираните кандидати се пријавуваат на повикот електронски, со доставување на своја кратка биографија, мотивационо писмо и референци од кои може да се утврди полето на експертиза на пријавените кандидати.

(6) Комисијата во рок од 20 дена од денот на завршување на повикот ги разгледува кратките биографии, мотивационото писмо и референците на пријавените кандидати и со одлука ги утврдува листите на експерти за секоја од областите.

**Формирање на советодавните тела**

**Член 4**

(1) Кога Комисијата при постапување по определен предмет ќе утврди дека има потреба од стручна поддршка за определени прашања донесува одлука за потребата од формирање на советодавно тело.

(2) Во одлуката од ставот (1) на овој член Комисијата го определува бројот на потребни експерти во советодавното тело како и областа на експертиза на експертите и ја задолжува стручната служба за на истата или на следната седница на Комисијата од листите на експерти по области да достави предлог за членови на советодавното тело.

(3) Стручната служба од соодветните листи ги предлага експертите редоследно од соодветните области по азбучен ред на нивните презимиња. Еден експерт може да биде член на советодавно тело само еднаш додека целосно не се исцрпи целокупната листа на експерти по што повторно може да биде ангажиран.

(4) Пред да ги предложи за членови на советодавното тело, стручната служба ги комуницира експертите во однос на нивната достапност и дали ќе прифатат да бидат дел од советодавното тело, а доколку некој од експертите не е достапен или не прифаќа ангажман се предлага следниот на листата.

(5) Врз основа на добиениот предлог од  (3) Комисијата донесува Одлука за формира на советодавното тело која содржи податоци за:

- името и презимето на членовите на советодавното тело,
- областа на нивната експертиза,
- предметот на советување кој од нив се бара и
- надоместокот кој ќе го добијат членовите за нивниот ангажман.

(5) Доколку некој од експертите и покрај тоа што прифатил не се вклучи во работата на советодавното тело или не ја пружа бараната поддршка ќе биде заменет со друг експерт и ќе биде отстранет од листата на експерти.

## Работа на советодавните тела

## Член 5

(1) Советодавните тела се должни да ја пружат целокупната стручна поддршка коа ќе ја побара Комисијата.

(2) Стручната поддршка може да биде во форма на усни мислења, писмени мислења, анализи, учество на седници на Комисијата и во секоја друга форма која ќе ја побара Комисијата.

(3) Експертите од советодавните тела имаат пристап до сите документи кои се од значење за постапување на предметите, освен оние кои се класифицирани.

(4) Доколку има класифицирани информации тогаш како експерт може да биде ангажирано лице само соодветен сертификат, а во овој случај не важи правилото од член 4 став (3) на овој Правилник.

(5) Заради заштита на личните податоци членовите на советодавното тела даваат изјава.

(6) Доколку некој од експертите и покрај тоа што прифатил не се вклучи во работата на советодавното тело или не ја пружа бараната поддршка ќе биде заменет со друг експерт и ќе биде отстранет од листата на експерти.

(7) Експертите од советодавните тела се должни да се вклучат и во постапката за судска заштита доколку има потреба за тоа.

## Ангажман на поединечни експерти

## Член 6

(1) Во случај кога Комисијата има потреба од поединечна стручна поддршка за конкретно прашање, може да побара и стручно мислење само од еден експерт од листата на експерти од областа од која е потребна експертиза.

(2) Комисијата може да побара и стручна поддршка од определена научна или стручна установа.

(3) Експертот од ставот (1) и стручната, односно научната установа од ставот (2) на овој член имаат право на надомест согласно правилата од овој Правилник.

## Влегување во сила

## Член 7

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Бр. 01-182/1

Датум 16-02-2023

Скопје

Претседател на Комисијата

Исмаил Камбери